КВАРТАЛНА ПУБЛИКАЦИЈА НА ЦЕНТАРОТ ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ

CEA
Center for Economic Analyses

Број 8

Цена 2 euros
(120 денари)

**УСАИД БЕА помага во анализирањето на финансиската состојба на општините**

*Александар Шахов*

**Моделот kako наставна алатkа на Факултетот за бизнис економија Скопје**

*Лимонка Георгиева*

# ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА НАША ЦЕЛ

ISSN 1409 - 7923

info@cea.org.mk

Година V, мај 2008

***Напомена:***

***Од 1993 година, Американскиот народ преку USAID инвестираше во Македонија над 450 милиони долари. Во моментов се спроведуваат над 20 проекти во вредност од над 30 милиони долари. Овие проекти имаат за цел да ја поддржат транзицијата на Македонија кон пазарна економија и мулти-етничко демократско општество. Тие содржат иницијативи за забрзување на економскиот раст, развивање на демокрстки институции и едуцирање на граѓаните за потребите на модерната економија. USAID обезбедува економска и хуманитарна помош во повеќе од 100 земји. За повеќе информации посетете ја веб-страната http://macedonia.usaid.gov.***

***„Оваа публикација е издадена за потребите на Американската Агенција за меѓународен развој, USAID. Публикацијата е изготвена од тимот на ЦЕА и тимот од проектот за деловно окружување на USAID. Ставовите на авторите изнесени во оваа публикација не се одраз на ставовите на USAID или на Владата на САД.“***

***Центарот за економски анализи е истражувачки центар од економисти кои делат заедничка визија за Република Македонија како нова европска економија во подем интегрирана со регионалните и светските пазари.***

***Мисијата на ЦЕА е континуирано да го истражува економскиот развој и економската политика во Република Македонија и да нуди препораки, решенија и мерки.***

info@cea.org.mk www.cea.org.mk, http://www.lsg-data.org.mk[1]

# Од уредникот

### Почитувани читатели,

*Кредитната анализа е производ на функционирањето на кредитниот пазар, а нејзиното реализирање зависи единствено од постоењето на разновидни конкурентните помеѓу себе инвестиции кои се со различен ризик и приноси. Проценката на кредитната способност е водечка форма на институционалните кредитни анализи и воедно, тие го потпомагаат развојот на пазарот на постоечките хартии од вредност преку вложување вештини за развој на различни мислења. Проценките играат важна улога со тоа што тие се фокусираат на кредитниот ризик (ризик при доцнење на наплата) кој потоа се употребува за проценка на ризикот и приносот.*



*Со цел да ги зајакнат општинските капацитети за фискален и финансиски менаџмент, Проектот за деловно опкружување на USAID, склучи договор со консултант Марјан Николов од ЦЕА и еден независен консултант Ѓорѓи Јосифов да развијат модел за испитување на кредитната способност, односно бонитетот на ЕЛС во Македонија. Тимот на консултанти изработи модел во Microsoft Excel којшто е во согласност со македонското законодавство и информациите од статистичкиот систем во Македонија (Државен Завод за Статистика, Министерство за финансии, ЕЛС информациски систем и др.), а исто така и со меѓународната практика на агенциите за кредитни проценувања.*

*Главната цел овој модел е развој на формула за мерење на кредитната способност која ќе им послужи на ЕЛС во случаи на кредитирање кое треба да биде во согласност со Законот за финансирање на ЕЛС во Македонија.*

*Досега овој модел беше употребен за проценка на кредитната способност на општините Велес, Струмица, Битола и Струга. Градоначалниците на овие општини покажаа волја за соработка, беа отворени за сугестии и беше вистинско задоволство да се работи со нив. Моделот и прирачникот се употребуваат и од Факултетот за бизнис економија за образование за возрасни и досега беа употребени за проценка на кредитоспособност на Кратово и Крива Паланка. Им посакувам на ЕЛС се најдобро во планирањето на нивните идни капитални инвестиции.*

Со почит,
Марјан Николов, м-р
уредник

USAID | MACEDONIA

1) Благодарение на малиот грант од World Learning (USAID), кој ЦЕА го доби на конкурентска основа, веб-страната: http://www.lsg-data.org.mk е достапна за сите оние на кои им се потребни податоци, информации и индекси поврзани со ЕЛС. ЦЕА е првенец помеѓу останатите НВО во обезбедувањето на податоци за ЕЛС на Интернет и притоа овозможувајќи истите да се достапни до пошироката јавност без никаков надомест.





# БЕА ПОМАГА ВО АНАЛИЗИРАЊЕТО НА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА НА ОПШТИНИТЕ

Проектот за деловно опкружување на УСАИД (БЕА) започна со своите активности за зајакнувањето на деловното опкружувањето во октомври 2006 година. Една од водечките активности беше фокусирана на потпомагање на процесот на фискалната децентрализација преку подобро финансирање на општините и зголемување на јавните капитални инвестиции.

БЕА воспостави соработка со четири пилот општини, Велес, Струмица, Битола и Струга, обезбедувајќи обуки, студиски посети и друга стручно-експертска помош за подобро управување со буџетот, финансирање преку задолжување и јавно приватни партнерства со што понатаму се надградија нивните капацитети за фискално управување и успешно преземање на зголемените надлежности кои произлегуваат од фискалната децентрализација.

Како резултат на активностите развиен е модел за оценување на кредитоспособност на локалната самоуправа, којшто активно се употребува од општините при проценување на нивната финансиска состојба. Исто така, врз база на моделот подготвени се и публикувани и првите четири студии во вид на "модели за кредитен рејтинг" за пилот општините. Моделите даваат поширока слика за социо-економска и финансиска состојба во општините и им служи на советите и градоначалниците на општините подобро да ги согледаат своите можности за финансирање и иден развој. Преку согледување на својот бонитет, општините ќе можат соодветно да преговараат со банките за условите за задолжување, како и да се одлучат за издавање на обврзници и привлекување на домашен и странски капитал за финансирање на инфраструктурни проекти.

Се надевам дека моделот за проценка на кредитоспособноста ќе има широка примена во Македонија и дека ќе придонесе за побрз локален економски развој и зголемување на инвестиции.

*Со почит,*

*Александар Шахов*
*Директор, УСАИД Проект за деловно опкружување*

**Илустрација на Моделот**

Во следната табела се илустрирани 14 посебни табели

*Табела. Microsoft Excel model*

| **Работна табела** | **Објаснување** |
|---|---|
| Дневник | Промени споредени со поранешниот модел во Microsoft Excel |
| Илустрации | Основни информации за тоа како да се користи моделот |
| Претпоставки | Разни варијабли: макроекономија, демографија, економија |
| Номинален буџет | Номинална вредности на ставките на буџетот. Остварени и предвидени. |
| Постојан буџет (остварен) | Вредност на постојните ставки на буџетот. Остварено и предвидено. |
| Постигнат буџет | Споредба меѓу остварениот и планираниот буџет |
| Оперативен вишок | Пресметка на оперативниот суфицит |
| Предвидувања | Предвидување на буџетските приходи и трошоци |
| Фискални индикатори | Пресметка на главните фискални индикатори |
| Трошочни индикатори | Пресметка на главните трошочни индикатори |
| Финансиски индикатори | Пресметка на главните финансиски индикатори |
| Долговни индикатори | Пресметка на главните долговни индикатори |
| Заеми | Карактеристики на заемите и долговите |
| Амортизационен план | Пресметка на амортизациониот план |



Од работилницата за моделирање на кредитната способност

Прва група која учествуваше во тестирање на моделот во просториите на ЦЕА



Втора група којашто исто така учествуваше во тестирање на моделот во просториите на ЦЕА



Марјан Николов го презентира моделот во просториите на ЦЕА

## Општина Велес

### Фискални индикатори

Индикатори за приходи

| | 2005 | 2006 |
|---|---|---|
| Даночни приходи / сопствени приходи | 0,955 | 0,642 |
| Даночни приходи / вкупни приходи | 0,522 | 0,527 |
| Даночни приходи / трансфери од централна власт | 1,126 | 1,188 |
| Сопствени приходи / вкупно приходи | 0,547 | 0,661 |
| Приходи од такси и надоместоци / сопствени приходи | 0,585 | 0,451 |
| Приходи од такси и надоместоци / вкупни приходи | 0,321 | 0,298 |
| Приходи од ДДВ и ПДД / вкупни приходи | 0,132 | 0,155 |
| Трансфери од централна власт / вкупни приходи | 0,445 | 0,332 |

Индикатори за расходи

| | 2005 | 2006 |
|---|---|---|
| Тековно оперативно салдо врз тековно оперативни расходи | 0,041 | 0,343 |
| Оперативни расходи / оперативни приходи | 0,961 | 0,747 |
| Капитални расходи / вкупни буџетски расходи | 0,223 | 0,336 |
| Капитални расходи / Тековно оперативни расходи | 0,288 | 0,506 |

Капитални приходи / Капитални расходи

| | 2005 | 2006 |
|---|---|---|
| Капитални приходи / вкупни приходи | - | - |
| Трансфери за капитални намени / вкупни приходи | 0,310 | 0,129 |
| Капитални расходи / вкупни расходи | 0,172 | 0,336 |

Индикатори за население

| | 2005 | 2006 |
|---|---|---|
| Вкупни буџетски приходи / население (глава на жител) | 1.651 | 2.985 |
| Сопствени приходи / население | 720 | 1.216 |
| Капитални расходи / население | 270 | 624 |
| Капитални трансфери / население | 425 | 237 |
| Оперативни расходи / население | 863 | 1.184 |
| Оперативни приходи / население | 898 | 1.590 |

Од овие табеларни прегледи можеме да изведеме неколку важни заклучоци при утврдувањето на кредитната способност на ЕЛС Велес:

1. Значително ниво на флексибилност во поглед на приходите. Имено, Локалната Самоуправа во текот на своето работење во изминатите две години, од ниво на средно зависна од централните трансфери преминува кон намалено ниво на зависност, илустрирано преку порастот од 54,7% во 2005 година на 66,1% во 2006 година, на сопствените приходи во однос на вкупните приходи.

2. За сметка на тоа, очекувано, се намалува влијанието од трансферите од централната власт од 44,5% во 2005 година на 33,2% во 2006 година учество во буџетските приходи. Приходите по основ на нововведените т.н. поделени даноци ДДВ и персонален данок на доход го задржуваат релативно стабилно нивото на учество во приходите од 13,2 - 15,5% во 2006 година.

3. Учеството на даночните приходи во вкупните приходи за 2006 год. останува на исто ниво како и во 2005 год. или 52%, но сега во споредба со со значајно повисоко ниво на реализирани приходи, пораст од 39,8% на страната на приходите во 2006 во однос на 2005 година. Ова укажува на фактот дека општината е во состојба да генерира зголемено ниво на даночни приходи, како резултат на зголемена даночна база, како и зголемен фискален напор поради преносот на надлежноста од централно на локално ниво.

4. Нивото на реализација на тековно-оперативните приходи, како и на тековно-оперативните расходи го констатира фактот дека 74,7% од тековно-оперативните расходи во 2006 година се покриени од тековно-оперативните приходи и остатокот на средства од 25,3% може да бидат распределени кон отплата на евентуален долг кој би произлегол од задолжување на пазарот на капитал на општина Велес, а тоа пресметано во апсолутен износ изнесува сса. 22,5 милиони денари.





5. Бележиме висок пораст на салдото на тековно оперативното работење во однос на оперативните расходи, индекс 0,343 во 2006 година, што укажува на солиден кредитен потенцијал на општината за превземање на кредитни обврски.

6. Зголемено е инвестиционата активност на Локалната Самоуправа, учеството на капиталните расходи во вкупните расходи во 2006 година е зголемено за 11,3 процентни поени во однос на 2005 година и изнесува 33,6%.

7. Констатираме зголемување и кај капиталните расходи во споредба со степенот на реализација на тековно-оперативните расходи. Имено, од ниво на реализација од 28,8% во однос на резлизираните тековно-оперативни расходи во 2005 година, овој процент порaснал на 50,6% во 2006 година, што секако говори за висок степен на остварување на финансиските средства за капитални намени.

8. Кај сите индикатори за население бележиме позитивни промени освен кај индикаторот за капиталните трансфери, што се должи на намалените трансфери во 2006 година од централната власт за капитални намени. Сите останати индикатори, како на пр. севкупните буџетски приходи по глава на жител, бележат пораст од 1.651 во 2005 година, на 2.985 денари во 2006 година, а преостанатите најиндикативни примери, сопствените приходи по глава на жител, како и капиталните расходи се зголемени од 720 на 1.216 денари, односно 270 на 624 денари по глава на жител.

## Општина Струмица

### Фискални индикатори

Индикатори за приходи

| | 2005 | 2006 |
|---|---|---|
| Даночни приходи / сопствени приходи | 0,858 | 0,837 |
| Даночни приходи / вкупни приходи | 0,582 | 0,618 |
| Даночни приходи / трансфери од централна власт | 1,811 | 2,831 |
| Сопствени приходи / вкупно приходи | 0,678 | 0,738 |
| Приходи од такси и надоместоци / сопствени приходи | 0,651 | 0,648 |
| Приходи од такси и надоместоци / вкупни приходи | 0,441 | 0,478 |
| Приходи од ДДВ и ПДД / вкупни приходи | 0,097 | 0,156 |
| Трансфери од централна власт / вкупни приходи | 0,321 | 0,218 |

Индикатори за расходи

| | 2005 | 2006 |
|---|---|---|
| Тековно оперативно салдо врз тековно оперативни расходи | 0,722 | 0,713 |
| Оперативни расходи / тековно оперативни приходи | 0,581 | 0,584 |
| Капитални расходи / вкупни буџетски расходи | 0,483 | 0,413 |
| Капитални расходи / тековно оперативни расходи | 1,098 | 0,819 |

Капитални приходи / Капитални расходи

| | 2005 | 2006 |
|---|---|---|
| Капитални приходи / вкупни приходи | - | 0,044 |
| Трансфери за капитални намени / вкупни приходи | 0,088 | 0,091 |
| Капитални расходи / вкупни расходи | 0,483 | 0,413 |

Индикатори за население

| | 2005 | 2006 |
|---|---|---|
| Вкупни буџетски приходи / население (глава на жител) | 2.159 | 2.790 |
| Сопствени приходи / население | 1.464 | 2.060 |
| Тековно оперативни приходи / население | 1.633 | 2.413 |
| Капитални расходи / население | 1.042 | 1.154 |
| Тековно оперативни расходи / население | 948 | 1.408 |
| Трансфери од централна власт / население | 694 | 609 |
| Капитални трансфери / население | 191 | 254 |

Од овие табеларни прегледи можеме да изведеме неколку важни заклучоци при утврдувањето на кредитната способност на Општина Струмица:

1. Значително ниво на флексибилност во поглед на приходите. Имено, Општина во текот на своето работење во изминатите две години, од ниво на релативно средно ниво на зависност од централните трансфери преминува кон намалено ниво на зависност, илустрирано преку порастот од 67,8% во 2005 година на 73,8% во 2006 година, учество на сопствените приходи во вкупните приходи.

2. За сметка на тоа, очекувано, се намалува влијанието од трансферите од централната власт од 32,1% во 2005 година на 21,8% во 2006 година учество во буџетските приходи. Приходите по основ на ново воведените т.н. поделени даноци ДДВ и персонален данок на доход бележат пораст во учеството на вкупните приходи од 9,7 % до 15,6% во 2006 година.

3. Учеството на даночните приходи во вкупните приходи за 2006 год. забележуваат благ пораст во однос на 2005 год. или 61,8% наспроти 58,2%, но сега во споредба со значајно повисоко ниво на реализирани приходи, 152.538.844 денари во 2006 година во однос на 118.061.882 денари остварени во 2005 година или пораст од 29,2%. Ова укажува на фактот дека општината е во состојба да генерира значително зголемено ниво на даночни приходи, како резултат на зголемената даночна база, како и зголемен фискален напор поради преносот на надлежноста од централно на локално ниво.

4. Нивото на реализација на тековно-оперативните приходи, како и на тековно-оперативните расходи го констатира фактот дека 58,4% од тековно-оперативните расходи во 2006 година се покриени од тековно-оперативните приходи и остатокот на средства од 41,6%, или сса 55 милиони денари може да бидат искористени за задолжување на општината или може да бидат распределени кон отплата на евентуален долг кој би произлегол од задолжување на пазарот на капитал на општина Струмица.

5. Бележиме стабилно ниво на салдото на тековно оперативното работење во однос на те-

ковно оперативните расходи во изминатите две години, индекс 0,713 во 2006 година, што укажува на прилично висок кредитен потенцијал на општината за превземање на кредитни обврски.

6. Исто така, релативно стабилно е нивото на инвестиционата активност на Општината, иако учеството на капиталните расходи во вкупните расходи во 2006 година изнесува 41,3% и е намалено за 7 процентни поени во однос на 2005 година, но апсолутниот износ бележи зголемување за цца 6 милиони денари. Ова состојба се должи на зголемените вкупни буџетски расходи на општината во 2006 во однос на 2005 година.

7. Констатираме намалување и кај капиталните расходи во споредба со степенот на реализација на тековно-оперативните расходи. Имено, од ниво на реализација од 109,8% во однос на реализираните тековно-оперативни расходи во 2005 година, овој процент е намален на 81,9% во 2006 година. Овој податок говори за се уште извонредно висок степен на остварување на финансиските ресурси за капитални намени. Имено индексот кој се движи околу 100 укажува на скоро идентично ангажирање на финансиските средства како за тековно оперативни, така и за капитални намени, што е секако одличен факт и ја покажува посветноста на општината кон реализација на капиталните проекти.

8. Кај сите индикатори за население / глава на жител, во споредбата 2006 во однос на 2005 година бележиме позитивни промени, освен кај индикаторот за трансфери од централна власт. Сите останати индикатори, како на пр. вкупните буџетски приходи по глава на жител, бележат пораст од 2.159 во 2005 година, на 2.790 денари во 2006 година, или од 2.475 денари се зголемени на 3.866 денари во 2006 година, ако се земат во предвид сите општински приходи. Преостанатите најиндикативни примери, сопствените приходи по глава на жител, како и капиталните расходи се зголемени од 1.464 на 2.060 денари, односно од 1.042 на 1.154 денари по глава на жител во 2006 година.

## Општина Битола

### Фискални индикатори

Индикатори за приходи

| | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|
| Даночни приходи / сопствени приходи | 86,9 | 90,6 | 90,1 |
| Даночни приходи / вкупни приходи | 59,7 | 64,1 | 66,2 |
| Даночни приходи / трансфери од централна власт | 190,8 | 219,1 | 257,5 |
| Сопствени приходи / вкупни приходи | 68,7 | 70,7 | 73,5 |
| Сопствени приходи / трансфери од централна власт | 219,6 | 241,8 | 285,9 |
| Приходи од такси и надоместоци / сопствени приходи | 40,3 | 40,8 | 44,6 |
| Приходи од такси и надоместоци / вкупни приходи | 27,7 | 28,9 | 32,8 |
| Приходи од ДДВ и ПДД / вкупни приходи | 13,8 | 25 | 17 |
| Трансфери од централна власт / вкупни приходи | 31,3 | 29,3 | 25,7 |
| Тековно оперативно салдо / вкупни приходи | 26,2 | 27,7 | 41 |

Индикатори за расходи

| | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|
| Тековно оперативно салдо / тековно оперативни расходи | 49,8 | 45,2 | 90,3 |
| Тековно оперативни расходи / тековно оперативни приходи | 66,7 | 68,9 | 52,6 |
| Капитални расходи / вкупни буџетски расходи | 43,1 | 36,6 | 38 |
| Капитални расходи / тековно оперативни расходи | 75,8 | 57,7 | 61,4 |

Капитални приходи / Капитални расходи

| | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|
| Капитални приходи / вкупни приходи | - | - | |
| Трансфери за капитални намени / вкупни приходи | 21,1 | 10,9 | 12,8 |
| Капитални расходи / вкупни расходи | 43,1 | 36,6 | 38 |

Индикатори за население

| | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|
| Вкупни буџетски приходи / население (глава на жител) | 1.897 | 2.114 | 3.070 |
| Сопствени приходи / население | 1.303 | 1.495 | 2.256 |
| Тековно оперативни приходи / население | 1.497 | 1.883 | 2.653 |
| Капитални расходи / население | 758 | 748 | 856 |
| Тековно оперативни расходи / население | 999 | 1.297 | 1.394 |
| Трансфери од централна власт / население | 593 | 618 | 789 |
| Капитални трансфери / население | 340 | 231 | 392 |

Од овие табеларни прегледи може да се изведат неколку важни заклучоци при утврдувањето на кредитната способност на Општина Битола:

9. Значително ниво на флексибилност во поглед на приходите. Имено, Општина Битола во текот на своето работење во изминатите три години забележува релативно ниско ниво на зависност од централните трансфери илустрирано преку континуираниот пораст на учество на сопствените приходи во вкупните приходи и тоа од 68,7% во 2005 год. на 70,7% во 2006 год. и 73,5% во 2007 година.

10. За сметка на тоа, очекувано, се намалува влијанието на трансферите од централната власт од 31,3% во 2005 год. на 29,3% во 2006 год. и 25,7% во 2007 година, како учество во вкупните приходи на основниот буџет на општината. Приходите по основ на ново воведените т.н. поделени даноци ДДВ и персонален данок на доход во првата година по воведувањето на фискалната децентрализација бележат пораст во учеството во вкупните приходи од 13,8 % на 25% во 2006 година, додека во 2007 година констатираме нивно намалување на 17% што се должи на зголеменото ниво на генерирање на сопствени приходи.

11. Учеството на даночните приходи во вкупните приходи за 2006 год. забележуваат благ пораст или 64,1% наспроти 59,7%, но сега, во споредба со 2005 година, повисоко ниво на реализирани приходи, имено, 201.623.496 денари во 2006 година во однос на 180.932.134 денари во претходната година или пораст од 11,4%. Овој тренд се задржува и во 2007 година каде што овој пораст изнесува 2,1 процентен поен во







однос на 2006 год. но апсолутното ниво на вкупните остварени приходи во основниот буџет е многу повисоко т.е. 292.887.912 денари, а на даночните приходи тоа е поставено на 193.818.888 денари. Ова укажува на фактот дека општината е во состојба да генерира значително зголемено ниво на даночни приходи, како резултат на зголемената даночна база, како и зголемениот фискален напор поради преносот на надлежноста од централно на локално ниво.

12. Нивото на реализација на тековно-оперативните приходи, како и на тековно-оперативните расходи го констатира фактот дека тековно-оперативните расходи во 2006 година учествуваат со 68,9% во вкупните тековно-оперативни приходи, додека во 2007 година констатираме опаѓање и истото изнесува 52,6%. Овој поволен тренд упатува на констатација дека остатокот на средства од 47,4%, или цца 120 милиони денари може да бидат искористени за задолжување на Општина Битола.

13. Во првите две анализирани буџетски години бележиме стабилно ниво на салдото на тековно оперативното работење во однос на тековно оперативните расходи во изминатите две години, индекс 49,8 односно 45,2 во 2006 година, што укажува на многу солиден кредитен потенцијал на општината за преземање на кредитни обврски, за да веќе во 2007 година овој потенцијал стане уште посилен што се согледува преку индексот од 90,3.

14. Исто така, релативно стабилно е нивото на инвестиционата активност на Општината, иако учеството на капиталните расходи во вкупните расходи во 2006 година изнесува 36,6% и е намалено за 6,5 процентни поени во однос на 2005 година, но апсолутниот износ на капиталните инвестиции не бележи намалување. Оваа состојба се должи на зголемените вкупни буџетски расходи на општината во 2006 во однос на 2005 година. Во 2007 година бележиме повторно благо зголемување и во релативна и во апслоутна смисла имено процентуалното учество на капиталните расходи во вкупните расходи е зголемено на 38% или цца 81,5 милиони денари.

15. Слична сосотојба констатираме во поглед на капиталните расходи во споредба со степенот на реализација на тековно-оперативните расходи. Имено, од ниво на реализација од 75,8% во однос на резлизираните тековно-оперативни расходи во 2005 година, овој процент е намален на 57,5% во 2006 год. додека во 2007 година бележиме зголемување на ниво од 61,4%. Овој податок говори за доволен степен на остварување на финансиските ресурси на општината за капитални намени и ја покажува нејзината посветност кон реализација на капиталните проекти.

16. Одбележувајќи го вонредно високиот фискален напор на даночната администрација при наплатата на даночните приходи, имено истите се остварени со 102% во однос на планираните, за одбележување во оваа анализа е фактот што вишокот на пренесени приходи од 2007 во 2008 година изнесува мошне високи сса 78 милиони денари. И покрај тоа што овој вишок во најголем дел се јавува како резултат на тоа што значителна сума од сса 18 милиони денари се трансферирани од централната власт на крајот од годината, со што Локалната Самоуправа била оневозможена да покрене тендерска процедура за трошење на средствата, како и тоа што дел од овој вишок, пред се, даночните приходи се реализирани сосема на крај од буџетската година, ова упатува на заклучок дека не било соодветно планирањето на приходната страна или дека расходниот дел од буџетот не е реализиран во доволна мера и е остварен под планираното ниво.

17. Кај сите индикатори за население / глава на жител, во споредбата 2007 во однос на 2006 т.е. 2006 во однос на 2005 година бележиме позитивни промени, освен кај индикаторот за трансфери за капитални намени. Сите останати индикатори, како на пр. вкупните буџетски приходи по глава на жител, бележат пораст од 1.897 денари во 2005 год. на 2.114 денари во 2006 год. и до 3.070 денари во 2007 година. Преостанатите најиндикативни примери, сопствените приходи по глава на жител се зголемени од 1.303 на 1.495 т.е. 2.256 денари во 2007 година, додека капиталните расходи го задржуваат истото ниво од 758 денари во 2005 год. односно 748 денари по глава на жител во 2006 год. и дури во 2007 година бележат благ пораст до 856 денари.

## Општина Струга

### Фискални индикатори

Индикатори за приходи

| | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|
| Даночни приходи / сопствени приходи | 93 | 85,4 | 92,8 |
| Даночни приходи / вкупни приходи | 63,6 | 48,4 | 62,4 |
| Даночни приходи / трансфери од централна власт | 226,5 | 273,7 | 379 |
| Сопствени приходи / вкупни приходи | 68,4 | 56,7 | 67,3 |
| Сопствени приходи / трансфери од централна власт | 243,7 | 320,3 | 408,6 |
| Приходи од такси и надоместоци / сопствени приходи | 65,3 | 59,2 | 70,9 |
| Приходи од такси и надоместоци / вкупни приходи | 44,7 | 33,6 | 47,7 |
| Приходи од ДДВ и ПДД / вкупни приходи | 11,9 | 13,5 | 12,5 |
| Трансфери од централна власт / вкупни приходи | 28,1 | 17,7 | 16,5 |
| Тековно оперативно салдо / вкупни приходи | 20 | 2,1 | 24,4 |

Индикатори за расходи

| | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|
| Тековно оперативно салдо / тековно оперативни расходи | 33,9 | 3,2 | 45 |
| Тековно оперативни расходи / тековно оперативни приходи | 74,7 | 96,9 | 69 |
| Капитални расходи / вкупни буџетски расходи | 32,8 | 31,2 | 45,7 |
| Капитални расходи / тековно оперативни расходи | 48,7 | 45,4 | 74,8 |

Од овие табеларни прегледи може да се изведат неколку важни заклучоци при утврдувањето на кредитната способност на Општина Струга:

18. Прифатливо позитивно ниво на флексибилност во поглед на приходите. Имено, Општина Струга во текот на своето работење во изминатите две години бележи тенденција на намалување на зависноста од централните трансфери илустрирано преку релативно константното ниво на учество на сопствените приходи во вкупните приходи и тоа од 68,4% во 2005 год. па мало опаѓање на 56,7% во 2006 год. и во 2007 год. повторно враќање на состојбата од пред две години 67,3%.

19. За сметка на тоа, очекувано, се намалува влијанието на трансферите од централната власт од 28,1% во 2005 год. на 17,7% во 2006 год. и 16,5% во 2007 година, како учество во вкупните приходи на основниот буџет на општината. Приходите по основ на ново воведените т.н. поделени даноци ДДВ и персонален данок на доход од воведувањето на

ISSN 1409 - 7923





фискалната децентрализација бележат просечно ниво од 12,6% учество во вкупните приходи од или илустрирано по години во 2005 од 11,9 % па 13,5% во 2006 година, додека во 2007 година констатираме учество од 12,5%.

20. Учеството на даночните приходи во вкупните приходи за 2006 год. забележуваат намалување во релативна смисла или 48,4% во однос на 63,6% од 2005 год., но во 2006 год. скоро двојно се зголемени вкупните реализирани приходи, имено 206.299.863 денари наспроти нивото од 112.068.147 денари во претходната година. Во 2007 година бележиме натамошен позитивен тренд во однос на апсолутниот пораст на вкупните приходи кои изнесуваат 224.803.654 денари додека релативниот пораст бележи 14 процентни поени во однос на 2006 год. Во исто време даночните приходи се зголемени од 99.931.973 денари во 2006 год. на 140.389.094 денари во 2007 година. Ова укажува на фактот дека општината е во состојба да генерира значително зголемено ниво на даночни приходи, како резултат на зголемената даночна база, како и зголемениот фискален напор на даночната администрација поради преносот на надлежноста од централно на локално ниво.

Капитални приходи / Капитални расходи

| | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|
| Капитални приходи / вкупни приходи | - | - | |
| Трансфери за капитални намени / вкупни приходи | 17,6 | 5,8 | 5,3 |
| Капитални расходи / вкупни расходи | 32,8 | 31,2 | 45,7 |

Индикатори за население

| | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|
| Вкупни буџетски приходи / население (глава на жител) | 1.768 | 3.255 | 3.547 |
| Сопствени приходи / население | 1.209 | 1.846 | 2.388 |
| Тековно оперативни приходи / население | 1.394 | 2.234 | 2.786 |
| Капитални расходи / население | 507 | 983 | 1.438 |
| Тековно оперативни расходи / население | 1.041 | 2.165 | 1.921 |
| Трансфери од централна власт / население | 496 | 576 | 584 |
| Капитални трансфери / население | 312 | 188 | 186 |

21. Нивото на реализација на тековно-оперативните приходи, како и на тековно-оперативните расходи го констатира фактот дека 96,9 % од тековно-оперативните приходи се наменети за покривање на тековно-оперативните расходи во 2006 година, додека во 2007 година констатираме намалување и нивото изнесува 69%. За разлика од крајно неповолната состојба во 2006 година кога што практично по измирувањето на тековно-оперативните расходи нема преостанато средства од тековно-оперативните приходи за капитална потрошувачка, во 2007 година следи позитивна ситуација на ова поле што упатува на констатација дека остатокот на средства од 31%, или цца 55 милиони денари може да бидат искористени за задолжување на Општина Струга.

22. Во првата и третата анализирана буџетска година бележиме стабилно ниво на салдото на тековно оперативното работење во однос на тековно оперативните расходи, индекс 33,9 во 2005 год. односно 45 во 2007 година, што укажува на солиден кредитен потенцијал на општината за преземање на кредитни обврски, но во 2006 год. се констатира состојба според која општината нема можност да размислува за задолжување бидејќи соодветниот индекс изнесува само 3,2.

23. Нивото на инвестиционата активност на Општината, како учество на капиталните расходи во вкупните расходи од 2005 до 2007 година континуирано бележи зголемување во апсолутна вредност и тоа по 50% последователно во изминатите три години. Имено од сца 32 милиони денари во 2005 год. па 62 милиони во 2006 год. до 91 милион денари во 2007 година. Но, поради изразено високото ниво на зголемување на вкупниот буџет на Општина Струга во 2006 год. во споредба со 2005 год. не е евидентиран релативен пораст на капиталните расходи во однос на вкупните. Затоа пак состојбата се менува во 2007 год. во однос на 2006, кога зголемувањето изнесува 14,5 процентни поени.

24. Речиси идентична состојба констатираме во поглед на капиталните расходи во споредба со степенот на реализација на тековно-оперативните расходи. Имено, од ниво на реализација од 48,7% во однос на резлизираните тековно-оперативни расходи во 2005 година, овој процент е намален на 45,4% во 2006 год. додека во 2007 година бележиме зголемување на ниво од 74,8%. Овој податок говори за задоволителен степен на остварување на финансиските ресурси на општината за капитални намени во 2007 година и ја покажува нејзината посветност кон реализација на капиталните проекти.

25. Кај индикаторите кои ја истакнуваат состојбата на зависност односно независност на општината во поглед на трансферите од централната власт, може да се констатира прилично изразена финансиска независност. Имено, даночните односно сопствените приходи во однос на трансферите бележат индекс од 226,5 т.е. 243,7 поени во 2005 год. за да во 2007 се зголемат на ниво од 379 т.е. 408,6 поени.

26. Кај сите индикатори за население / глава на жител, во споредбата 2007 во однос на 2006 т.е. 2006 во однос на 2005 година бележиме позитивни трендови, освен кај индикаторот за трансфери за капитални намени. Сите останати индикатори, како на пр. вкупните буџетски приходи по глава на жител, бележат пораст од 1.768 денари во 2005 год. на 3.255 денари во 2006 год. и до 3.547 денари во 2007 година. Преостанатите најиндикативни примери, сопствените приходи по глава на жител се зголемени од 1.209 на 1.846 т.е. 2.388 денари во 2007 година, додека капиталните расходи исто така имаат нагорен тренд од 507 денари во 2005 год. односно 983 денари по глава на жител во 2006 год. до 1.438 денари во 2007 година.

## МОДЕЛОТ КАКО НАСТАВНА АЛАТКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ

Методологијата и моделот за анализа на кредитната способност на локалната самоуправа, претставува ефикасна алатка која им овозможува на финасиските работници да ја проценат, но и подобро да ја разберат кредитната способност на ЕЛС, притоа јасно се дијагностицираат критичните ризични области што можат да бидат закана за способноста на локалната самоуправа да врши навремена отплата на достасаните обврски по основ на задолжување.

Овој модел, кој се користи како наставна алатка на Факултетот за бизнис економија Скопје, го користев за анализа на кредитната способност на локалната самоуправа на општина Кратово како предуслов за подготовка на план за капитални инвестиции, семинарска работа за испитот Локална самоуправа и јавни финансии.

*Лимонка Георгиева*
Самостоен референт за ЛЕР
Локална Самоуправа на Општина Кратово и
Студент на програмата за образование за возрасни
Факултет за бизнис економија Скопје